**20242644600**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 декември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА БАЛАНСИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ

1. Со оваа одлука се одобруваат Правилата за изменување на Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем на операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
2. Се задолжува Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, Правилата од точка 1 од оваа одлука да ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.
3. Се задолжува Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, Правилата од точка 1 од оваа одлука да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб-страница.
4. Оваа одлука се доставува до Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр.12-2091/3
19 декември 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.